METAMORPHOSIS

Foundation for Internet and Society

Фондација Метаморфозис - Скопје
Foundation Metamorphosis - Skopje
Бр. 01-27/1
21.01.2019 год.
СКОПЈЕ

# Политика за корекции и појаснувања

**ВОВЕД**

Овој документ ги објаснува начините на кои јавноста може да реагира на објавените содржини во публикациите во издание на Фондацијата Метаморфозис во правец на уточнување, дополнување, појаснување и друго. Тој, исто така, ја дефинира и регулира постапката внатре во Фондацијата која се однесува на начинот како ќе се постапува и кој ќе постапува во ситуација кога ќе се добие реакција на објавена содржина од претставници на јавноста.

*Политиката за корекции и појаснувања* важи за сите публикации на Фондацијата Метаморфозис и таа е единствена на нивото на целата организација. Уредниците и редакциите на публикациите се должни оваа политика да ја спроведуваат во целост во рамките на своите публикации.

**НАЧИН НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА**

Фондацијата Метаморфозис и сите нејзини изданија имаат политика за корекции која се базира врз:

- Уставот на Република Македонија (член 16, став 4),

- Законот за медиуми (членови 17-25),

- Законот за граѓанска одговорност од клевета и навреда (член 14) и

- Кодексот на новинарите на Македонија (параграфи 3-5 од Принципите на однесување и член 3).

Соодветните извадоци од овие документи се вклучени во Анексот 1 од овој документ.

Сите барања за корекции и појаснувања, кои се однесуваат на изданијата од Фондацијата Метаморфозис, може да се испратат во рок од 30 дена (член 2 од Законот за медиуми) од денот на објавувањето на материјалот за кој се бара корекција преку соодветниот формулар објавен во секое издание. Таму можат да се достават забелешки за исправање на евентуални неточности, грешки, непрецизности или нејаснотии за кои се смета дека треба да се коригираат.

Одговорните лица во секое од изданијата ќе ги разгледаат забелешките и во законски определениот рок од 2 дена (член 19 од Законот за медиуми) ќе упатат соодветен одговор.

Информација за секоја направена корекција или дополнување, креирана врз основа на барање од член на публиката, ќе биде јасно наведена на почетокот од написот на кој таа се однесува.

Лицата кои се лично засегнати и сакаат да добијат и директен одговор на својата електронска адреса, се замолуваат да го истакнат тоа во пораката со која се бара корекција или појаснување.

Во Скопје

22.01.2019

Бардил Јашари, директор

B. Jashari

Фондација Метаморфозис, Скопје • Foundation Metamorphosis